Врз основа на чл.8 и чл.16 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Сл. весник на РМ“ бр. 90/2009, 188/2013 и 192/2015), односно Правилникот за начинот за давање овластувања („Службен весник на Р. Македонија“ бр.147/10 и 34/11), како и Стандардот 5-Делегирање и Стандардот 13-Поделба на должностите од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор („Сл. весник на РМ.“ бр. 147/2010), член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа ( “Службен весник на РМ” број 5 од 29.01.2002 год), а во врска со 36 став 1 алинеа 9 и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип (“Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Градоначалникот на Општина Штип, донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП КАКО И ПОСТАПКАТА ЗА НАБАВКА И КОРИСТЕЊЕ НА МОТОРНИ БЕНЗИНИ/ГОРИВА И МОТОРНИ МАСЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА НА ОПШТИНАТА ШТИП

Член 1

Со овој Правилник се пропишува начинот на користење на службените возила во сопственост на Општина Штип како и постапката за набавка и користење на моторни бензини/горива и моторните масла за потребите на службените возила на Општината Штип.

Член 2

Службените возила (автомобили и автобус) во сопственост на Општина Штип ги користи Општината за свои потреби и службени возила (специјализирани противпожарни возила) кои ги користи ТППЕ Штип за потребите на противпожарната единица.

НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИ ВОЗИЛА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП

Член 3

Службените возила од членот 2 на овој Правилник можат да ги користат сите вработени во Општина Штип, исклучиво заради службени потреби по претходно доставено и одобрено Барање за користење на службено моторно возило до Контролорот на трошоци на возен парк.

Службеноот возило – автобус може да се користи заради службени потреби, а може и да се издава на приватни физички и правни лица заради лични потреби, по претходно доставено барање за ______________________________-

Член 4

Секој вработен во Општина Штип може да подигне Барање за користење на службено моторно возило кое е изготвено и унифицирано, истото да го пополни со точни податоци и достави на одобрување до Секретарот на Општина Штип.

Во случај на отсутност на Секретарот на Општина Штип, барањето за користење на службено моторно возило се доставува на одобрување во Кабинетот на Градоначалникот на Општина Штип.

Член 4

Секој вработен за времето за кое му е одобрено да го користи службеното моторно возило е одговорен за истото.

Секој вработен е должен да го користи службеното моторно возило како добар домаќин и доколку настане штета истата да ја пријави.

Во случај вработениот да пополнил барање за користење на службено моторно возило со лажни податоци и службеното моторно возило го користи надвор од службена потреба, против истиот ќе биде покрената соодветна постапка.

НАБАВКА И КОНТРОЛА НА КОРИСТЕЊЕ НА МОТОРНИ БЕНЗИНИ/ГОРИВА И МОТОРНИ МАСЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА НА ОПШТИНА ШТИП

Член 5

Набавката на моторните бензини/горива и моторните масла за потребите на службените возила во Општина Штип се врши врз основа на склучен Договор за набавка на моторни бензини и дизел гориво за потребите на Општина Штип и Територијалната противпожарна единица – Штип.

Одговорно лице за извршување на контрола при набавката на горивата согласно Договорот за јавна набавка е благајникот врз основа на работните задачи кои одговараат на тоа работно место.

Благајникот добива посебно овластување за извршување на контрола при набавката на горивата согласно Договорот за јавна набавка, потпишано од страна на Секретарот на Општина Штип.

Член 6

Набавените моторни бензини и моторните масла од членот 5 на овој Правилник ќе бидат наменети исклучиво за потребите за службените возила во сопственост на Општина Штип.

Динамиката на користење на моторните бензини и промената на моторните масла ќе се одвива според потребите на службените возила односно според нивната потрошувачка и темпото на користење.

Со потпишување на Договорот за јавна набавка, се дава налог за извршување на набавката, потпишан од Секретарот и Градоначалникот на Општина Штип.

Член 7

Лицето задолжено за извршување на контрола при набавката на горивото и маслата има обврска да води писмена евиденција, да ги потпишува сметкопотврдите и испратниците за извршената набавка за сите поединечни набавки на гориво, за секое возило врз основа на доставени извештаи за извршени набавки како и да води евиденција и контрола за издадени и одобрени налози за користење на службените возила.

Во прилог на фактурите за набавка на гориво за потребите на возилата на Општина Штип и ТППЕ Штип потребно е да се доставуваат сметки од секоја поединечна набавка, како релевантен доказ за извршената набавка на гориво, потврдени со потписи од лицето кое ја издало и лицето кое ја примило стоката предмет на набавката.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип", а ќе отпочне да се применува од 1 април 2022 година.

Број 09-2597/1
18.04.2022 година

Општина Штип
Градоначалник
Иван Јорданов

Врз основа член 36 став 1 алинеа 9 и член 51 став 3 од Статутот на Општината Штип ("Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Градоначалникот на Општина Штип, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ШТИП КАКО И ПОСТАПКАТА ЗА НАБАВКА И КОРИСТЕЊЕ НА МОТОРНИ БЕНЗИНИ/ГОРИВА И МОТОРНИ МАСЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА СЛУЖБЕНИТЕ ВОЗИЛА НА ОПШТИНАТА ШТИП**

Член 1

Во Правилникот за начинот на користење на службени возила во сопственост на Општина Штип како и постапката за набавка и користење на моторни бензини/горива и моторни масла за потребите на службеите возила на Општината Штип број 09-2597/1 од 18.04.2022 година, членот 1 се изменува па се додава " и користење на приватни возила за службени потреби на Општина Штип" и гласи :

"Со овој Правилник се пропишува начинот на користење на службените возила во сопственост на Општина Штип и користење на приватни возила за службени потреби на Општина Штип како и постапката за набавка и користење на моторни бензини/горива и моторните масла за потребите на службените возила на Општината Штип."

Член 2

После членот 8, се додава нова глава и нови членови 8 а, 8 б и 8 в и гласи:
" НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИВАТНИ ВОЗИЛА ЗА СЛУЖБЕНИ ПОТРЕБИ НА ОПШТИНА ШТИП"

Член 8 а

(1)" Приватни возила може да се користат за извршување на службени работи, за службени потреби на Општина Штип само доколку во моментот на реализација на службените работи, службените возила на општината не се достапни на користење, односно веќе се ангажирани или не се во возна состојба.
(2) Користењето на приватно возило за службени потреби на општината е во согласност со намената утврдена со овој Правилник, а средствата за користење на приватното возило за службени потреби се обезбедуваат од Буџетот на општината."

Член 8 б

(1) "За користење на приватно возило за службени потреби градоначалникот или лице овластено од него донесува одлука за користење на приватно возило за службени потреби на општината и службени патувања.